## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Четвртото продолжение на Шеесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 февруари 2002 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,45 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по 62-та седница на Собранието на Република Македонија.

Преминуваме на 5-та точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за ревизија, со Предлог на закон.

Владата на Република Македонија го повлече Предлогот за донесување на закон со Предлог на закон.

Преминуваме на шестата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за заштита на посебното природно богатство, со Предлог на закон.

Владата на Република Македонија го повлече Предлогот за донесување на закон со Предлог на закон.

Преминуваме на 9-та точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Владата на РМ и Владата на Исламска Република Иран за одбегнување на двојното оданочување во однос на данокот од доход и данокот на капитал, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот е разгледан на 88-та седница на Собранието на Република Македонија.

Преминуваме на 12-та точка од дневниот ред - Предлог за донесување закон за ратификација на Конвенцијата за безбедност на персоналот на Обединетите нации и на сродниот персонал, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот е разгледан на 88-та седница на Собранието на Република Македонија.

Преминуваме на 13-та точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за регистрирање на готовински плаќања.

Владата на Република Македонија го повлече Предлогот за донесување на закон со Предлог на закон.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 62-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 11,50 часот).